

# МОНИТОРИНГ

## ОПШТИНИТЕ И ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

НВО ИНФОЦЕНТАР · SPECTAR · AKTIVO Center for Active Citizens / Центар за активни граѓани · ГИЖ · OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER · Шведска Sverige

ноември 2024




# Содржина

**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА** 01

**КЛУЧНИ НАОДИ** 04

**КВАЛИТАТИВЕН ПРЕСЕК ПО ОПШТИНИ** 07

ОПШТИНА ВЕЛЕС 07

ОПШТИНА СТРУМИЦА 08

ОПШТИНА КУМАНОВО 09

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 11

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ 12

ОПШТИНА ЛОЗОВО 13

# 1. Вовед и методологија

Во август 2021 година на сила стапи новиот Закон за заштита на личните податоци усогласен со Општата регулатива за заштита на личните податоци на Европската Унија.

Законот за заштита на личните податоци се применува во секоја ситуација која подразбира обработка на личните податоци на граѓаните, без разлика дали физичкото односно правното лице што ја врши обработката е од приватниот, државниот или граѓанскиот сектор, притоа водејќи се од концептот на гарантирање на приватноста и личниот интегритет на поединецот.

Државните и јавни институции потребно е да ги применуваат овие прописи за заштита на личните податоци, независно од тоа дали активностите за обработката на личните податоци на физички лица се во хартиена или електронска форма. Во државни и јавни институции влегуваат сите органи на државната и локалната власт и други државни органи, институциите што вршат дејности во областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и други дејности од јавен интерес утврден со закон (агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија, основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје).

Законот ги обврзува сите институции, компании и организации кога собираат лични податоци, тоа да го прават исклучиво во рамки на законот. Тој нуди рамка според која треба да се обработуваат личните податоци на физичките лица и гарантира дека тие се обработуваат во соодветен минимален обем, односно не се бараат повеќе податоци отколку што се потребни. Исто така, физичките лица имаат право да знаат, кој и зошто ги обработува нивните лични податоци, кои лични податоци се обработуваат, колку долго се чуваат и др. Дополнително, законот обврзува податоците да се чуваат само до рокот кој е неопходен да се постигне целта, а потоа треба да бидат уништени. Секое правно или физичко лице кое собира лични податоци мора да преземе соодветни технички и организациски мерки, односно да ги заштити податоците со најсовремени алатки кои му стојат на располагање.

Имајќи го предвид ова, НВО Инфоцентарот, со партнерските организации Спектар од Крива Паланка, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе, Организација на жени од Струмица и Активо од Велес, во периодот јуни – септември 2024 година, реализираше мониторинг на спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци на локално ниво. Целта на мониторингот беше да добиеме слика за тоа, дали општините ги имаат основнте документи/политики за заштита на личните податоци, во согласност со законот.

Мониторингот опфати шест општини – Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка, Свети Николе и Лозово. Преку пристапот до информации од јавен карактер и преку следење на интернет-страниците на општините, мониториравме дали локалните самоуправи (вклучително и јавните претпријатија, установите и другите институции во надлежност на општините), имаат донесено политики за воспоставување систем за заштита на личните податоци, политики за приватност, политики за користење колачиња на нивните интернет-страници, дали имаат назначено офицери за заштита на личните податоци, како и дали на интернет-страниците се објавени политиките за приватност, користење колачиња и информациите за офицерите за заштита на личните податоци.

Мониторинг се реализираше во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

# 2. Клучни наоди

Мониторингот покажа дека спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци од аспект на постоење основни политики и процедури (назначување офицер за заштита на личните податоци, политика за воспоставување систем за заштита на личните податоци, политика за приватност, политика за користење колачиња на официјалните интернет-страници) на локално ниво се одвива бавно и неусогласено.

- Сите општини имаат назначено офицери за заштита на личните податоци, но само две (Куманово и Крива Паланка) ги имаат објавено на општинските интернет-страници нивните имиња и контакт информациите.

- Ниту една општина нема објавено политика за приватност на својата интернет-страницата. Општина Велес има линк до политиката за приватност, но тој содржи само краток, општ текст во кој општината уверува дека податоците нема да бидат злоупотребени.

- Четири општини (Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка) имаат усвоени политики за воспоставување систем за заштита на личните податоци.

- Две општини (Свети Николе и Лозово) освен офицери за заштита на личните податоци, немаат никакви други политики и процедури за заштита на личните податоци.

- Слична е состојбата и со јавните претпријатија, установите и институциите во надлежност на општините. Голем дел од нив немаат политики за заштита на личните податоци, а немаат дури ни офицери за заштита на личните податоци. Дел од овие ентити немаат ниту свои интернет-страници. но од оние кои имаат, повеќето се уште не објавиле политики за приватност, за користење колачиња, како ни информации за офицерите за заштита на личните податоци.

- Анализата на интернет-страниците покажа дека информациите кои се однесуваат на заштитата на личните податоци многу често не се комплетни, не се лесно достапни и не се пребарливи.

- Општина Куманово има политика за воспоставување систем за заштита на личните податоци и офицер за заштита на личните податоци, но на својата интернет-страница се уште нема објавено политика за приватност и користење колачиња. Единствено достапни се информациите за офицерот за заштита на личните податоци.

- Општина Крива Паланка има донесено повеќе документи, вклучително и политика за создавање систем за заштита на личните податоци. На својата интернет-страница нема објавено политика за приватност и за користење колачиња. Достапни се само информациите за офицерот за заштита на личните податоци.

- Општина Велес има план за заштита на личните податоци, како и двајца офицери за заштита на личните податоци. На својата интернет-страница ги нема објавено информациите и контактите на офицерите за заштита на личните податоци. Постои линк до политика за приватност, но тој содржи само краток, општ текст со уверување дека личните податоци нема да бидат злоупотребени. На интернет-страницата поставено е и кратко известување за користење на колачињата.

- Општина Струмица има политика за заштита на личните податоци, а има и назначено офицер и заменик офицер за заштита на личните податоци. Информациите за офицерите не се достапни на интернет-страницата на општината, а не се објавени ниту политика за приватност, ниту политика за користење колачиња.

- Општините Свети Николе и Лозово освен офицери за заштита на личните податоци, немаат никакви други политики за заштита на личните податоци. Информациите за офицерите за заштита на личните податоци не се достапни на интернет-страниците на општините.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Велес

Општина Велес, според добиените информации од јавен карактер, има план за заштита на личните податоци, донесен во 2023 година и две лица именувани за офицери за заштита на личните податоци. На интернет-страницата на општината не се објавени имињата и контактите на офицерите за заштита на личните податоци, а не можат да се најдат ниту други информации поврзани со заштитата на личните податоци. Единствено постои кратко известување за колачињата што ги користи интернет-страницата, а линкот за Политиката за приватност го содржи само следниов текст: „Согласно Законот за заштита на лични податоци, Општина Велес  Ве уверува дека податоците оставени на нашата веб-страна нема да бидат злоупотребени, објавени во било каков медиум или споделени со друго трето правно, односно физичко лице.“

Што се однесува до локалните јавни претпријатија, установи и институции во надлежност на општината, според добиените информации, од вкупно 17, 9 имаат политика за приватност/политика за заштита на лични податоци, 6 немаат никакви политики, а 2 не доставија податоци и информации.

Слична е состојбата и со офицер за заштита на личните податоци – 10 имаат назначено офицер, 5 одговорија негативно, а останатите 2 установи не доставија никакви информации.

**9**

локалните јавни претпријатија, установи и институции во надлежност на општината имаат политика за приватност/ политика за заштита на лични податоци

**10**

локалните јавни претпријатија, установи и институции во надлежност на општината имаат назначено офицер за заштита на личните податоци

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.2. Општина Струмица

Општина Струмица има донесено политика за заштита на личните податоци во 2023 година. Истата година именувала офицер и заменик офицер за заштита на личните податоци. На интернет-страницата на општината не може да се најдат ниту политика за користење колачиња, ниту политика за приватност, како ни информациите за именуваните офицери за заштита на личните податоци.

Во рамки на мониторингот побаравме информации за политики за заштита на личните податоци од 19 локални јавни претпријатија, установи и институции во надлежност на општината. Одговорија само осум (две јавни претпријатија, една установа и пет училишта). Политика за приватност/ политика за заштита на лични податоци имаат само 4 институции, а офицер за заштита на личните податоци имаат назначено вкупно 5 институции.

Според добиените информации, јавното претпријатие "Комуналец"има правилник за обезбедување тајност и заштита а обработката на личните податоци, има назначено офицер за заштита на личните податоци, како и политика за приватност. На интернет-страницата на претпријатието објавена е политиката за приватност, но нема политика за колачиња, а не се објавени ни информациите за офицерот за заштита на личните податоци.

Јавното претпријатие, Стационар „Лана", пак, од почетокот на 2024 година има Политика за воспоставување систем за заштита на лични податоци, која е објавена на интернет-страницата на претпријатието, но нема информации за офицер за заштита на личните податоци, како ни политика за користење колачиња.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.3 Општина Куманово

Општина Куманово има донесено политика за воспоставување систем за заштита на личните податоци во 2023 година и назначено офицер за заштита на личните податоци.

На интернет-страницата на општината достапна е Политиката за воспоставување систем за заштита на личните податоци, која меѓу другото ја содржи правната основа и начинот на обработка на податоците, целта на обработката на личните податоци, кој има пристап до податоците, политиката за пренос на лични податоци, нивното складирање и правата на субјектите. На интернет-страницата, во рубриката Односи со јавноста/Пристап до информации од јавен карактер, објавени се името и контакт информациите на офицерот за заштита на личните податоци. На интернет-страницата нема политика за користење колачиња.

Во општина Куманово има шест јавни претпријатија, четири јавни установи и една посебна локална институција - „Градски базен-Куманово“, кои се во надлежност на општината. Едновремено, во општината функционираат пет средни училишта и седумнаесет основни училишта, со повеќе подрачни објекти во руралните подрачја.

Од вкупно 10 јавни претпријатија и установи во општината, преку пристапот до инфорации од јавен карактер и анализа на достапните информации на интернет-страниците, добивме податоци за 7 субјекти, од кои 4 имаат политики за приватност и исто толку имаат офицери за заштита на лични податоци.

Вкупно 3 субјекти под надлежност на општината, имаат едновремено, и офицер за заштита на лични податоци и политика за приватност. Овие три субјекти (јавните претпријатија „Јавна чистота и зеленило“ и „Водовод“, како и општинската библиотека) имаат интернет-страници, но на нив не можат да се најдат никакви информации поврзани со заштитата на личните податоци.

За образовните институции не добивме повратни информации од Општина Куманово. Нашето истражување покажа дека поголем дел од училиштата немаат интернет-страници, а и оние што го имаат овој ресурс најчесто не нудат никакви информации поврзани со заштитата на лични податоци. Ниту едно од петте средни училишта на својата интернет-страница нема објавено информации поврзани со заштитата на личните податоци. Од основните училишта, пак на пример, училиштето „Магдалена Антова“ има политика за приватност и политика за колачиња, но нема информации за офицер за заштита на лични податоци, како ни за политика за заштита на лични податоци. Основните училишта „Христијан Карпош“ и „Вук Караџиќ“ на своите интернет-страници имаат објавено процедура за собирање и обработка на податоци односно процедура за заштита на личните податоци, но тие се од постар датум односно пред стапувањето во сила на новиот закон за заштита на лични податоци во 2020 година. Други информации поврзани со заштитата на личните податоци не се достапни.

**4**

локалните јавни претпријатија, установи и институции во надлежност на општината имаат политика за приватност/ политика за заштита на лични податоци

**4**

локалните јавни претпријатија, установи и институции во надлежност на општината имаат назначено офицер за заштита на личните податоци

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.4 Општина Крива Паланка

Општина Крива Паланка има донесено повеќе документи за заштита на лични податоци во 2023 година: Правилник за вршење видео надзор, Политика за создавање на системот за заштита на лични податоци, Процедура за управување со обработувачи на лични податоци и Процедура за воспоставен систем на контрола над работата на обработувачите ангажирани од контролорот. Има именувано и офицер за заштита на личните податоци.

На интернет-страницата на општината достапни се само основните информации за офицерот за заштита на личните податоци (име и презиме, електронска адреса за контакт и број на мобилен телефон), нема политика за приватност и за користење колачиња.

Во општина Крива Паланка има 8 локални јавни претпријатија, установи и институции од кои само 3 имаат, и политики/ процедури за заштита на личните податоци и назначен офицер. Станува збор за средното училиште „Ѓорче Петров“ и основните училишта „Илинден“ и „Јоаким Крчовски“. Сепак, треба да се напомене дека иако овие образовни установи имаат свои интернет-страници, на нив не се објавени никакви информации поврзани со заштитата на личните податоци.

Вкупно 5 од локалните јавни претпријатија, установи и институции, вклучени во мониторингот, имаат офицер за заштита на личните податоци, а 2 немаат ниту политика, ниту офицер за заштита на лични податоци.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.5 Општина Свети Николе

Општина Свети Николе нема политика за заштита на личните податоци, но има назначено офицер за заштита на личните податоци.

Податоците за офицерот не се достапни на интернет-страницата на општината, на која нема ниту политика за приватност, ниту за користење колачиња. Иста е состојбата и со интернет-страниците на јавните претпријатија, установите и инстиутуциите во надлежност на општината.

Од вкупно 9 локални јавни претпријатија, установи и институции, 6 установи и институции имаат политика за приватност / политика за заштита на лични податоци. Некои од локалните установи, како училиштето „Даме Груев“ од Ерџелија и детската градинка „Рахилка Гонева“, имаат политика за приватност од 2016 година, а гимназијата „Кочо Рацин“ од 2015 година.

Што се однесува до офицер, вкупно седум локални јавни претпријатија, установи и институции имаат назначено лице одговорно за заштита на личните податоци, а вкупно 6 имаат истовремено, и политики и офицери за заштита на личните податоци.

Во установата „Народен музеј“, покрај лицето назначено за офицер за заштита на лични податоци, овластени се уште 5 лица за обработка на лични податоци и евиденција.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.6 Општина Лозово

Општина Лозово нема донесено политика за заштита на личните податоци, но има назначено офицер за заштита на личните податоци.

На интернет-страницата на Општина Лозово, како и на интернет-страниците на локалните јавни институции и установи во надлежност на општината, не може да се најдат никакви информации за заштита на личните податоци, вклучително и за овластените лица за заштита на личните податоци. Општинската интернет-страница нема ниту политика за приватност и за користење колачиња.

Од вкупно три локални институции (училиште, градинка и комунално претпријатие) во општината, само една установа (детската градинка „Срцко“) има донесено политика за заштита на лични податоци и има назначено офицер за заштита на личните податоци. Политиката за заштита на лични податоци во детската градинка ”Срцко” е донесена во декември 2023 година, и во неа се наведени начелата кои ќе се применуваат при обработката на личните податоци, мерките за безбедност, но и правата и одговорностите на вработените кои вршат обработка на личните податоци.